**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-73/4
28.01.2019 година, Скопје

Врз основа на член 21 и 24 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на ден 26.12.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**Член 1**

За усвојување на измените на Деловникот за работа на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 2**

Измените од член 1 од оваа Одлука, се однесуваат на:

- **член 25 став 2** од Деловникот се брише
- **измени и дополнувања на член 33**, став 1, со додавање на нов став 2 и измена на став 3 од истиот член кој гласи: Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива, по предлог на Претседателот на Комората, по предлог на Извршниот одбор, по предлог на 20 (дваесет) делегати на Собранието, по предлог на Надзорниот одбор и по предлог на три (3) регионални одбори доколку за тоа се исполнети условите.

Председателот на Собрание може да свика вонредна седница и по пат на маил/електронска пошта и СМС порака доколку смета дека е потребна итна одлука на Собранието .

Делегатите на Собранието се должни да се изјаснат во рок од три дена по маил или СМС порака, а секое неодговарање на добиениот маил/СМС ќе се смета за потврден одговор".

Предлогот за свикување на седници од страна на предлагачите се доставува во писмена форма до Претседателот на Собранието. Предлогот треба да биде пропратен со материјалите кои се потребни согласно предложениот дневен ред.

- **во член 37 став 3 се додава**: И по едното и по другото барање членот е должен да даде детално образложение, но не подолго од 5 (пет) минути.
- **во член 38 став 4 се менува**: Доколку некој од делегатите на Собранието отсуствува неоправдано на повеќе од две седници, Претседателот на Собранието го известува Претседателот на Регионалниот одбор од каде е избран членот на Собранието, а ја задолжува Централната изборна комисија со барање за спроведување на понатамошна постапка.

- **во член 41 став** 1 по зборовите ,,разумно време за образложение,, се додаваат зборовите ,, но не подолго од 5 (пет) минути,, а на крајот на речениците од истиот став по зборот ,,5 (пет) минути,, се додаваат зборовите ,, во тек на расправата по однос на наведената точка,,
- **во член 43 се додава нов став 4:** Доколку делегатот продолжи и понатаму да се однесува спротивно на овој Деловник, Претседателот на Собранието веднаш е должен да свика пауза и писмено го забележува истото.
- **во член 44 став 2** по зборовите ,,писмена форма,, се додаваат зборовите ,, најдоцна 5 (пет) дена пред седницата,, во став 4 од истиот член, по зборовите ,, има право,, се менуваат зборовите ,, со поддршка од 20 делегати,,во последниот став од истиот член зборот ,,дневен ред,, се менува со ,,на гласање,,
- **во член 48 став 3** зборот,,од 10,, се менува со ,,од 20,,

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Собрание**
Д-р Оливер Манасиев